Бр./Nr 12-3347/1
23-11-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 40-та седница одржана на 28.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-3043/1 од 21.11.2025 година, СЕ ЗАПИРА поради тоа што не е констатирана повреда на закон од страна на пријавеното лице.

Предметот со бр. 12-3043/1 од 21.11.2025 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител е поднесена пријава заведена под бр. 12-3043/1 од 21.11.2025 година, со наводи за сомневања за злоупотреба на државни ресурси во функција на изборна кампања за локалните избори 2025 година. Имено, во пријавата подносителот наведува дека лицето ---- – Заменик министер за ----, присуствувал на настан во својство на партиски претставник на 28.10.2025 година во ----. Притоа, истиот пристигнал со службено возило “----”, со регистарски таблички ----. Во пријавата се наведува и дека лицето ----, вработена во Агенцијата ----, се јавувала поединечно на пензионери и ги поканувала на собирот.

Државната комисија, постапувајќи по пријавата, го имаше предвид членот 29 од Правилникот за внатрешен ред и функционирање на министерството ---- (понатаму: Правилник), според кој замеником на министерот и државниот секретар, согласно природата и обемот на нивното работење, може да користат

возила со кои управува и располага Министерството, без возач и по завршување на работното време со одобрување на министерот.

Државната комисија, имајќи ја предвид можноста која е дадена со цитираниот подзаконски акт, именуваното лице да користи службено моторно возило без возач, вклучително и по завршувањето на работното време, врз основа на расположливите сознанија од пријавата, не утврди елементи за постапување спротивно на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, од наводите во пријавата не произлегуваат конкретни околности дека возилото било користено за потребите на изборната кампања, надвор од правото на користење што му припаѓа на лицето.

Во однос на наводот дека лице вработено во Агенцијата ---- телефонски контактирало пензионери и ги поканувало на собирот, Државната комисија има предвид дека телефонските броеви претставуваат лични податоци, чија обработка треба да биде во согласност со прописите за заштита на личните податоци. Доколку наводите во пријавата се точни, односно доколку личните податоци на пензионерите биле користени спротивно на законските правила за нивна обработка, засегнатите лица имаат право да поднесат барање за заштита на своите права, односно претставка до Агенцијата ----, како надлежен орган за постапување во оваа област.

Од наведените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,
Адем Чучуљ

Изработил:м-р В.З. Советник
Контролирал: м-р Ј.Ц. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. Член на ДКСК